Почитувани,

Ни причинува особена чест и задоволство да Ве поканиме на годишната Меѓународна регулаторна конференција (IRC) 2026, која ќе биде организирана од Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија. Конференцијата ќе се одржи во историскиот и живописен македонски град Охрид на 19 и 20 мај 2026 година. Со вашето присуство заедно ќе придонесеме и ќе го чествуваме „Светскиот ден на телекомуникациите и информатичкото општество“ и на областа на која сите сме посветени – електронските комуникации.

Оваа конференција ќе ги обедини учесниците од цела Европа, вклучувајќи владини претставници, претставници на Меѓународната Унија за телекомуникации, регулаторни тела, академска заедница, оператори, експерти од индустријата и други компании, како и истакнати личности од националниот и глобалниот пазар на електронските комуникации.

Конференцијата, под мотото „Правилата за утре се сретнуваат денес“, ја одразува суштината на трансформативниот период, во кој сегашните одлуки, дискусии, и експертиза директно влијаат врз правилата што ќе го уредуваат идниот пејзаж на електронските комуникации, активно обликувајќи ја регулаторната рамка на иднината. Агендата ќе биде објавена на веб-страницата www.aec.mk . Доколку сте заинтересирани да ги презентирате вашите достигнувања на овие теми, љубезно сте поканети да ги предложите и споделите со нас на овој настан. Паралелно ќе бидат организирани две посебни работилници посветени на сајбер-безбедност и заштита на потрошувачите.

Меѓународната регулаторна конференција (IRC) 2026 е организирана како дводневен настан (19–20 мај) и ќе се одржи во хотел „Метропол“ во Охрид.

Коктелот за добредојде ќе биде организиран на 18 мај 2026 година.

Ве молиме потврдете го вашето учество на следниот линк: https://forms.office.com/e/fTCTS0c7Xu , а покажаниот интерес за презентација со испраќање на нејзиниот наслов на е-пошта до irc2026@aec.mk најдоцна до 6-ти мај 2026 година. Сите дополнителни информации за Меѓународната регулаторна конференција (IRC) 2026 можете да ги најдете на следниот линк: https://aek.mk/international-regulatory-conference-2026/

Контакт лица: Елизабета Двојакова (е-пошта: elizabeta.dvojakova@aec.mk ) , Валбона Османи (е-пошта: Valbona.h.osmani@aec.mk) и Драгица Лепавцова (е-пошта: dragica.lepavcova@aec.mk )

Во очекување на Вашите пријави, срдечно Ве поздравуваме.